БИЛТЕН НА РИЗИЦИ

# ОПСЕРВАТОРИЈА НА НЕЛЕГАЛНИ ЕКОНОМИИ ВО ЈУГО-ИСТОЧНА ЕВРОПА



БРОЈ 14 ФЕВРУАРИ 2023

## Резиме на главни поенти

**Балканските борци се подготвени за борба во Украина, каде е ризикот од организиран криминал.**

Руската инвазија на Украина, којашто трае речиси година дена, предизвика незаконска трговија во овие две држави која пак индиректно влијание ширум светот, вклучително и во Југоисточна Европа. Одредени набљудувачи, вклучувајќи ја Глобалната иницијатива против транснационален организиран криминал (ГИ-ТОК), будно ја следат ситуацијата. Меѓутоа, истовремено далеку помалку внимание се обрнува на илјадниците мажи од Југоисточна Европа кои се подготвени за борба или на руската или на украинската страна. Во ова издание ќе го разгледаме овој феномен и ќе ги истражиме врските со организираниот криминал, како и предизвиците кои произлегуваат од справувањето со враќањето на овие борци назад во регионот.

**Лажните или незаконски стекнатите балкански документи овозможуваат лесно патување на криминалците ширум светот.**

Полицијата што ги истражува групите на организиран криминал во или од Западен Балкан постојано посочува кон една заедничка нишка што ги поврзува сите фактори а тоа е – леснотијата со којашто патуваат многу криминалци, користејќи лажни пасоши или незаконски стекнати документи за имиграција од земји во регионот. Главно, постојат два начини на кои криминалците се стекнуваат со такви документи. Тие или физички изменуваат валиден пасош којшто е украден или купен на црниот пазар така што ќе ја сменат фотографијата или биографските податоци или, пак, нелегално купуваат валиден пасош на нивно име или со псевдоним така што ќе подмитат корумпиран службеник. Во публикацијата анализираме зошто и како постои овој проблем во регионот и што може да се направи за да се сузбијат состојбите.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME

# Балканските борци се подготвени за борба во Украина, каде е ризикот од организиран криминал.

Војната во Украина замени одредени пазари на криминал (како што е трговијата со хероин) и создаде сосема нови можности за организиран криминал, на пример оние поврзани со трговијата со оружје, синтетички дроги и луѓе. Всушност, еден неодамнешен состанок на Европската мултидисциплинарна платформа против закани (ЕМПАСТ), свикан од ЕВРОПОЛ, предупреди дека војната во Украина би можела да влијае врз 10 пазари на криминал и „високо ризични криминални мрежи“.[1] Колку и да звучи сериозно ова предупредување, не ја напоменува потенцијалната закана кон безбедноста и политичката стабилност во шесте земји на Западен Балкан (ЗБ6) наметната од борците кои се враќаат од војната во Украина. Се чини дека оние кои ги прават политиките во ЕУ или владите на државите од ЗБ6 не се справуваат соодветно со заканата,[2] без разлика дали се активни националните антитерористички стратегии и процените за закани од организиран криминал.[3]

Неодамнешните истражувања покажуваат дека организираните криминални групи, вклучувајќи ги и тие од ЗБ6, имаат софистициран модус операнди и методи за регрутација. На пример, овие криминални групи од ЗБ6 ги имаат проширено своите мрежи сè до Латинска Америка, Јужна Африка и Средниот Исток.[4] Во минатото, млади мажи со борбено искуство од војните во поранешна Југославија честопати стануваа пиони во криминалните организации и во ЗБ6 и во странство. Тие беа претприемачи на пазарот на насилство и ги најмуваа како насилници, телохранители, снајперисти, платени убијци и експерти за врски, како и за шверц на оружје и поставување експлозиви. Денес, криминалните групи од ЗБ6 кои оперираат во регионот и во странство се во потрага по поединци со воени вештини, вклучувајќи ги и оние поврзани со познавање на употреба на оружје и експлозиви, комуникациски врски и контраразузнавање или способност за шверц на пари и дроги или неутрализирање на непријателите со помош на софистицирани методи на убиство.[5] Некои од најмоќните криминални организации во регионот и на други големи криминални пазари како што е на пример оној во Латинска Америка се управувани или раководени од поединци кои посетиле воена обука.[6] Организираните криминални групи во последно време се во потрага по овој профил на луѓе;[7] а сето значи дека борците повратници би можеле да бидат целна група. Иако не постојат цврсти докази што укажуваат на директна поврзаност помеѓу странските борци повратници и организираните криминални групи во ЗБ6, сепак, овој ризик треба сериозно да се разбере, особено поради историјата на регионот кој е извор, но и дестинација за странски борци.

Во минатото, ЗБ6 беше и дестинација и регион на извор на странски борци. Се смета дека бројот на странски борци што беа ангажирани на сите страни на конфликтите за време на војните во поранешна Југославија не надминал повеќе од 5 % од вкупниот број на борците.[8] Меѓутоа, за време на војната во Босна и Херцеговина, етничките српски борци беа поддржани од странски борци наречени „контрактници“ или борци платеници кои главно доаѓаа од земји со слична православна верска припадност, како што се Русија, Грција, Романија, Украина и Полска.[9] Околу 700 руски странски борци се бореа само во војната во Босна и Херцеговина, според Владата на Република Српска.[10] Бошњаците истовремено беа поддржувани од стотици странски борци (процените се движат меѓу 400 и 1200 луѓе), главно од Блискиот Исток.[11] За време на војната во Косово, пак, во 1998/99 година, стотици странски борци се приклучија на Ослободителната војска на Косово, главно од Албанија, Северна Македонија, Шведска, Белгија, Обединетото Кралство, Германија и САД.[12] Дури и за време на конфликтот во тогашна поранешна Југословенска Република Македонија во 2001 година, на боиштата пристигнаа борци од Косово за да ја поддржат етничката албанска страна, а македонските безбедносни сили добиваа воздухопловна поддршка од Украина до јули 2001 година.[13]



**Илјадници мажи од Југоисточна Европа се подготвени за борба или на руската или на украинската страна во војната во Украина.**

*Фотографија: Горан Узуновиќ/EyeEM*

Од друга страна, регионот на ЗБ6 истовремено е и место од каде се „извезуваат" странски борци. На пример, се проценува дека околу 1000 млади мажи и жени од ЗБ6 се приклучиле на Исламската Држава во конфликтите во Сирија и Ирак помеѓу 2012 и 2016 година.[14] Постоеше загриженост дека повратниците ќе се радикализираат.[15]

Исто така, постојат индикации дека српските граѓани кои застанаа на страната на проруските сили во Крим во 2014 година произлегоа од српските паравоени сили.[16] Значи, опасноста од странските борци не потекнува само од тоа дека тие можеби ќе се вратат со радикализирани идеолошки или политички гледишта, туку и од тоа дека поранешни криминалци можеби ќе се вратат на живот полн со криминал со зголемено борбено искуство, нови мрежи и како резултат на тоа, пристап до нелегални трговии.[17]

### Балкански борци во Украина

Се проценува дека околу 1500 странски борци ширум светот се приклучиле на борбата за време на првата инвазија на Украина во 2014 година (до јуни 2016 година).[18] Во втората инвазија на Украина во февруари 2022 година, имало околу 36000, според бројките од јули 2022 година.[19] Ако се спореди со проценетите 40000 странски борци кои се приклучиле на Исламската Држава за време на нејзиното четиригодишно присуство во Сирија и Ирак (2014–2018 година), бројот на странски борци кои се приклучиле на вториот конфликт (2022 година) во Украина само во првите месеци на војната е прилично висок. Веќе во првите години (2022 година) од кризата во и околу Украина, се смета дека околу 300 лица од ЗБ6 учествувале во борбата. Некои од нив се приклучуваат на проруските сепаратисти, а други, пак, на украинските волонтерски баталјони.[20] Еден од главните извори на борци кои се бореа заедно со проруските сепаратисти е токму Србија, со приближно 100 лица.[21] Наводно, некои од нив истовремено делувале и во периодот кога беше извршена анексијата на Крим во 2014 година.[22]

Сè уште не се знае колку странски борци од ЗБ6 биле ангажирани во војната во Украина од февруари 2022 година. Според медиумите, многу етнички Срби од Србија и Босна и Херцеговина волонтирале на руската страна,[23] вклучително и како дел од групата Вагнер.[24]

Од друга страна, кога изби војната во февруари 2022 година, Министерот за надворешни работи на Русија, Сергеј Лавров, изјави дека се регрутираат и превезуваат платеници од Албанија, Косово и Босна и Херцеговина во Донбас во Украина за да се борат против бунтовниците кои ги поддржува Москва.[25] Претставници од Албанија, Косово и Босна и Херцеговина негираа дека има платеници од нивните земји во Украина и укажаа дека спротивните тврдења од Русија се „лажни обвиненија".[26]

### Профил и мотивација на странските борци

Во неговото детално истражување за странски борци со екстремистичко идеолошко минато во конфликтот во Украина од 2014 година, Кацпер Рекавек објаснува дека западните странски борци од двете страни доаѓаат со различно идеолошко минато, вклучувајќи ја крајната десница, крајната левица и црвено-кафеавите национал-комунисти. Меѓутоа, Рекавек заклучува во своето истражување дека тие што се бореа во 2022 година, се чини дека се помалку радикализирани и политизирани.[27]

Говорејќи за минатото и мотивациите на борците од ЗБ6 кои се приклучуваат на тековната војна во Украина, се констатира дека некои од нив се мотивирани од националистички, идеолошки (како што е десничарскиот екстремизам) или религиозни причини, а другите се платеници. Некои борци од Хрватска тврдеа дека ја поддржувале Украина бидејќи „била една од првите земји коишто ја признале независноста на Хрватска" во 1991 година и подоцна ѝ помогнала на земјата „по земјотресите во Загреб и Бановина" во 2020 година.[28] Од друга страна пак проруските борци од Србија додаваат дека се мотивирани од пансловенска солидарност,[29] дополнително од благодарност за поддршката од Русија во претходни конфликти (на пример, кризата со Република Српска),[30] натаму од одмазда кон Западот или поради врските со крајно десничарски организации, како што е српската група Народна патрола.[31] Иако повеќето нејзини членови се млади кои подлегнале под влијание на пропаганда и идеологија, одреден дел се ветерани од војните во поранешна Југославија.[32] Постои опасност дека поединците што се дел од единици со силна политичка и идеолошка определеност – доколку преживеат – ќе се вратат дома и со борбено искуство и со радикализирани гледишта.[33]



**Обука за офицерите во Вооружените сили на Украина.**

*Фотографија: Министерство за одбрана на Украина*

Искуствата добиени од истражувањата за мотивите на странските борци од ЗБ6 што се приклучиле на Исламската Држава и инвазијата на Украина од 2014 година исто така покажуваат дека одредени странски борци со криминална историја се приклучиле на конфликтите во странство со цел да избегнат кривично гонење во матичната земја.[34]

**Ефективноста на ЗБ6 при справувањето со борци повратници**

Земјите од ЗБ6 имаат одредено искуство во справување со повратот процесот на враќање на борците коишто се приклучиле на Исламската Држава во конфликтите во Сирија и Ирак. Речиси сите погодени земји во ЗБ6 спроведуваат програми за рехабилитација и реинтеграција за лицата повратници од подрачјата со конфликт од 2020 година па навака, најчесто цивили - малолетници и жени, но исто така и возрасни мажи борци.[35] Сето што се спроведува е од особена важност бидејќи во одредени случаи, како што е на пример оној во Косово, мажите и жените повратници се приведуваат поради обвиненија и кривични пријави за тероризам.[36] Овие програми вклучуваат психолошко и религиозно советување за затворениците, социјална поддршка за семејствата и изработка на нови програми за вработување за тие што повторно влегуваат во општеството.[37]

Треба да се има предвид дека сите земји на ЗБ6 ги усвоија регулативите 2178 (2014 година) и 2396 (2017 година) на Советот за Безбедност на ОН чија цел е да се спречи регрутирањето и превезувањето на странските терористички борци и да се погрижат дека земјите ќе изработат стратегии за гонење, рехабилитација и реинтеграција за да се справат со борците повратници.[38] Меѓутоа, повеќето земји на ЗБ6 ја немаат потпишано Меѓународната конвенција против регрутирање, користење, финансирање и обука на платеници, којашто стапи на сила во 2001 година.[39] Ризикот оваа Конвенција да не се потпише го поплочува патот за земјите во регионот да дозволат користење, финансирање и обука на платеници коишто меѓународните групи на организиран криминал би ги најмувале за да вршат кривични дела и да го дестабилизираат владеењето на правото.

ЗБ6 го имаат изменето законодавството со цел да ги прогласат сите облици на учество во вооружен конфликт во странство за нелегални,[40] а Србија е единствената земја во регионот којашто изрично ја нема прогласено поддршката на јавноста за патување во конфликтни зони во странство за нелегална. Кривичните дела за странските борци се разликуваат од земја до земја, но Албанија и Косово имаат најстроги казни, со казни затвор од пет до 15 години.[41]

Проблемот со повратот на странските борци – на кој му се посвети огромно внимание кога стотици луѓе од регионот се приклучија на Исламската Држава – вреди да се погледне одблизу. Може да се каже дека ризикот од радикализација на мажите коишто се борат во Украина е помал отколку за тие што се бореа во Средниот Исток. Всушност, досега поврзаноста помеѓу организираниот криминал и странските борци во Украина од Балканот се чини дека е слаба. И покрај тоа, повратот на младите мажи од ЗБ6 коишто се борат во Украина би можел да ги зајакне паравоените сили, да ги разгори меѓуетничките тензии и да го зголеми изборот на потенцијални пиони за криминалните групи, како што беше случај после војните во поранешна Југославија во 1990-тите. Значи, стратегиите за процена на заканата за борбата со организираниот криминал и тероризмот треба да ги следат и анализираат потенцијалните ризици кои ги поставуваат странските борци повратници.

## Забелешки

1 „Високо ризичните криминални мрежи“ не се дефинирани од страна на EMPACT, но овој термин се однесува на оние што се служат со „корупција, чинови на насилство, оружје и перење пари преку паралелни финансиски системи во подземјето“. Council of the EU, *Fight against organised crime: Council sets out 10 priorities for the next 4 years*, 26 мај 2021 година, https://www.consilium.europa.eu/en/press/press-releases/2021/05/26/fight-against-organised-crime-council-sets-out-10-priorities-for-the-next-4-years.

2 *Cooperation on the fight against organised crime in the Western Balkans (P9_TA(2021)0506)*, Резолуција на Европскиот парламент, 15 декември 2021 година, https://www.europarl.europa.eu/doceo/document/TA-9-2021-0506_EN.html.

3 Стратегијата на ЕУ ја спомнува соработката во борбата со тероризмот, но не се осврнува на ризикот од странските борци повратници. *Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions on the EU Strategy to tackle Organised Crime 2021–2025*, COM/2021/170 final, European Comission, 14 април 2021 година, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX%3A52021DC0170&qid=1632306192409.

4 EUROPOL, *Joint investigation team leads to dismantling of one of Europe's most active Albanian-speaking networks trafficking cocaine into Europe*, 17 септември 2020 година, https://www.europol.europa.eu/media-press/newsroom/news/joint-investigation-team-leads-to-dismantling-of-one-of-europe%E2%80%99s-most-active-albanian-speaking-networks-trafficking-cocaine.

5 Walter Kemp, *Transnational tentacles: Global hotspots of Western Balkan organised crime, GI-TOC*, јули 2020 година, https://globalinitiative.net/wp-content/uploads/2020/07/Transnational-Tentacles-Global-Hotspots-of-Balkan-Organized-Crime-ENGLISH_MRES.pdf.

6 Carter Smith, *Gangs and the military note 2: Military-trained gang members as criminal insurgents*, списание Small Wars, 31 May 2018 година, https://smallwarsjournal.com/jrnl/art/gangs-and-military-note-2-military-trained-gang-members-criminal-insurgents.

7 Ibid.

8 Evan F Kohlmann, *Al-Qaida's Jihad in Europe: The Afghan-Bosnian Network*, Оксфорд/Њујорк: Издавачка куќа Berg, 2004, 18–19.

9 Arielli Nir, In search of meaning: Foreign volunteers in the Croatian armed forces, 1991–95, *Contemporary European History* 21, 1, 1–17; *Wspomnienia byłego najemnika, Polaka – uczestnika wojny w Bośni i Hercegowinie / Johny B., 'Kurier WNET' 70/2020*, Радио Wnet, 1 мај 2020 година, https://wnet.fm/kurier/wspomnienia-bylego-najemnika-polaka-uczestnika-wojny-w-bosni-i-hercegowinie-johny-b-kurier-wnet-70-2020.

10 Meliha Kešmer, *Od Bosne do Ukrajine ista lica među ruskim dobrovoljcima*, Радио Слободна Европа, 10 март 2022 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/rusi-placenici-bih-rat-visegrad-ukrajina/31746321.html.

11 Vlado Azinović и Merdijana Sadović, *Otkuda strani mudžahedini u BiH?*, Радио Слободна Европа, 20 април 2008 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/1107532.html; Edin Subašić, *'Džihad' u BiH (1): Mudžahedini su podvala Zapada*, Al Jazeera, 3 мај 2019 година, https://balkans.aljazeera.net/opinions/2019/5/3/dzihad-u-bih-1-mudzahedini-su-podvala-zapada.

12 Adriatik Kelmendi, *Kosovars refute Islamic terror claims*, Институтот за известување за војна и мир, 11 ноември 2001 година, https://iwpr.net/global-voices/kosovars-refute-islamic-terror-claims.

13 Taraz Kuzio, Ukraine forges military alliance with Macedonia, *The Jamestown Foundation*, 7, 10, https://jamestown.org/program/ukraine-forges-military-alliance-with-macedonia/#.VUfxKvmqqko.

14 Vlado Azinović, ed, *Between salvation and terror: Radicalization and the foreign fighter phenomenon in the Western Balkans*, School of Political Sciences and Atlantic Initiative, 2017 година, https://atlanticinitiative.org/wp-content/uploads/2017/05/images_BetweenSalvationAndTerror_BetweenSalvationAndTerror.pdf.

15 Leonie Vrugtman, *Future challenges of violent extremism in the Western Balkans*, Институт за демократија и посредување, февруари 2019 година, https://idmalbania.org/future-challenges-of-violent-extremism-in-the-western-balkans-february-2019.

16 Aleksandar Vasovic, *Serbian paramilitaries join pro-Russian forces in Crimea*, Reuters, 14 март 2014 година, https://www.reuters.com/article/us-crimea-volunteers-idUSBREA2D0C020140314.

17 Tanya Mehra и Abigail Thorley, *Foreign fighters, foreign volunteers and mercenaries in the Ukrainian armed conflict*, Меѓународен центар за контратероризам, 11 јули 2022 година, https://icct.nl/publication/foreign-fighters-volunteers-mercenaries-in-ukraine.

18 Asya Metodieva, *Balkan fighters in Eastern Ukraine: Why are they there?*, Ridl, 29 април 2019 година, https://ridl.io/balkan-fighters-in-eastern-ukraine-why-are-they-there/#:~:text=About%20300%20Balkan%20fighters%20have,if%20it%20was%20their%20own.

19 Tanya Mehra и Abigail Thorley, *Foreign fighters, foreign volunteers and mercenaries in the Ukrainian armed conflict*, Меѓународен центар за контратероризам, 11 јули 2022 година, https://icct.nl/publication/foreign-fighters-volunteers-mercenaries-in-ukraine.

20 Vuk Velebit, *Serb fighters in Ukraine continue to worry the West*, European Western Balkans, 19 декември 2017 година, https://europeanwesternbalkans.com/2017/12/29/serb-fighters-ukraine-continue-worry-west.

21 Ibid.

22 Jelena Beslin и Marija Ignjatijevic, *Balkan foreign fighters: From Syria to Ukraine*, Кусо издание 20, Институт на Европска Унија за безбедносни студии, јуни 2017 година, https://www.iss.europa.eu/sites/default/files/EUISSFiles/Brief%2020%20Balkan%20foreign%20fighters.pdf.

23 Nermina Kuloglija и Azra Husaric Omerovic, *Serb Volunteers Answer Call to Fight in Ukraine*, Balkan Insight, 8 март 2022 година, https://balkaninsight.com/2022/03/08/serb-volunteers-answer-call-to-fight-in-ukraine.

24 Maja Zivanovic, *Donbass brothers: How Serbian fighters were deployed in Ukraine*, Balkan Insight, 13 декември 2018 година, https://balkaninsight.com/2018/12/13/donbass-brothers-how-serbian-fighters-were-deployed-in-ukraine-12-12-2018.

25 Alice Taylor, Moscow claims mercenaries from Western Balkans fight in Ukraine, Еурактив, 22 февруари 2022 година, https://www.euractiv.com/section/politics/short_news/moscow-claims-mercenaries-from-western-balkans-fight-in-ukraine.

26 Talha Ozturk, *Western Balkan countries rebuff Russian claims they sent mercenaries to Ukraine*, Агенција Анадолија, 21 февруари 2022 година, https://www.aa.com.tr/en/politics/western-balkan-countries-rebuff-russian-claims-they-sent-mercenaries-to-ukraine/2508795.

27 Kacper Rekawek, *Western extremists and the Russian invasion of Ukraine in 2022: All talk, but not a lot of walk*, Проект за контраекстремизам, 2022 година, https://www.counterextremism.com/sites/default/files/2022-05/Western%20Extremists%20and%20the%20Russian%20Invasion%20of%20Ukraine%20in%202022_May%202022.pdf.

28 Matea Grgurinovic, *Croatian volunteer fighters head for Ukrainian frontline*, Balkan Insight, 28 февруари 2022 година, https://balkaninsight.com/2022/02/28/croatian-volunteer-fighters-head-for-ukrainian-frontline.

29 Meliha Kešmer, *Od Bosne do Ukrajine ista lica među ruskim dobrovoljcima*, Радио Слободна Европа, 10 март 2022 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/rusi-placenici-bih-rat-visegrad-ukrajina/31746321.html.

30 Marko Didić, *Dobrovoljci iz Republike Srpske vraćaju ratni dug 'braći Rusima'? Evo gdje ova teorija vuče korijene, riječi umirovljenog generala otkrivaju sve: 'Dok su Srbi i Rusi zajedno, Allahov put neće biti uspostavljen'*, Слободна Далмација, 24 мај 2022 година, https://slobodnadalmacija.hr/vijesti/regija/dobrovoljci-iz-republike-srpske-vracaju-ratni-dug-braci-rusima-evo-gdje-ova-teorija-vuce-korijene-rijeci-umirovljenog-generala-otkrivaju-sve-dok-su-srbi-i-rusi-zajedno-allahov-put-nece-biti-uspostavljen-1195334.

31 Nermina Kuloglija и Azra Husaric Omerovic, *Serb volunteers answer call to fight in Ukraine*, Balkan Insight, 8 март 2022 година, https://balkaninsight.com/2022/03/08/serb-volunteers-answer-call-to-fight-in-ukraine.

32 Ibid.

33 Snezana Bjelotomic, *Serbian and Russian ultra-right joining forces*, Српски монитор, 22 јули 2022 година, https://www.serbianmonitor.com/en/serbian-and-russian-ultra-right-joining-forces.

34 Jelena Beslin и Marija Ignjatijevic, *Balkan foreign fighters: From Syria to Ukraine*, Кусо издание 20, Институт на Европска Унија за безбедносни студии, јуни 2017 година, https://www.iss.europa.eu/sites/default/files/EUISSFiles/Brief%2020%20Balkan%20foreign%20fighters.pdf.

35 Fjori Sinoruka, Xhorxhina Bami and Sinisa Jakov Marusic, *Welcome Home? ISIS returnees test Balkan countries' ability to reintegrate*, Balkan Insight, 20 август 2021 година, https://balkaninsight.com/2021/08/20/welcome-home-isis-returnees-test-balkan-countries-ability-to-reintegrate.

36 Ibid.

37 Adrian Shtuni, *Rehabilitation and reintegration path of Kosovar minors and women repatriated from Syria*, Меѓународен републикански институт, 14 септември 2021 година, https://www.iri.org/resources/new-report-supports-rehabilitation-of-kosovo-youth-and-women-with-connection-to-violent-extremism.

38 Naureen C Fink и Colin P Clarke, *Foreign fighters are heading to Ukraine. That's a moment for worry*, Politico, 10 март 2022 година, https://www.politico.com/news/magazine/2022/03/10/foreign-fighters-are-heading-to-ukraine-thats-a-moment-for-worry-00016084.

39 United Nations, List of signatories to the International Convention against the Recruitment, Use, Financing and Training of Mercenaries, 11 декември 2022 година, https://treaties.un.org/Pages/ViewDetails.aspx?src=IND&mtdsg_no=XVIII-6&chapter=18&clang=_en.

40 Luka Glusac, *Criminalization as anxious and ineffective response to foreign fighters phenomenon in the Western Balkans*, Журнал за регионална безбедност, 15, 1, 39–74.

41 Ibid.

# Лажните или незаконски стекнатите балкански документи овозможуваат лесно патување на криминалците ширум светот.

Полицијата што ги истражува групите на организиран криминал во или од Западен Балкан постојано посочува кон една заедничка нишка што ги поврзува сите фактори а тоа е – леснотијата со којашто патуваат многу криминалци користејќи лажни пасоши или незаконски стекнати документи за имиграција од земји во регионот. Транснационалниот организиран криминал, како што кажува неговото име, во своето делување ги преминува и националните граници на државите. Некои од овие нелегални активности се изведуваат виртуелно, во сајбер просторот, со помош на шифрирани мрежи за комуникација или криптовалути. Меѓутоа, за да извршат злосторства каква што е незаконската трговија, криминалците треба физички да преминат граница и во тој процес тие не треба да бидат забележани од никого. Токму поради тоа, ним им се потребни фалсификувани документи.

Според некои истражувачи кои беа консултирани за оваа статија, зачестеноста на проблемот во Западен Балкан ја објаснуваат со фактот дека постојат активни групи на пазарот коишто прават фалсификувани документи како криминална услуга. Криминалците комбинираат вистински и лажни информации за идентификација за да креираат т.н. синтетички или лажни идентитети кои потоа можат да ги користат за да патуваат незабележани или да поминат низ процесите за верификација на идентитетот на една финансиска институција. Меѓутоа, откако се воведоа биометриските документи, производството на овој тип на лажни документи веќе не е толку често. Наместо нив, криминалците сега се користат со вистински документи кои ги видоизменуваат за да вршат нелегални активности.[1]

Главно, постојат два начини на кои криминалците се стекнуваат со такви документи. Тие или физички изменуваат валиден пасош којшто е украден или купен на црниот пазар така што ќе ја сменат фотографијата или биографските податоци или, пак, нелегално купуваат валиден пасош на нивно име или со псевдоним така што ќе подмитат корумпиран службеник. На тој начин, некој




**СЛИКА 1 Споредбена ранг листа на пасоши од земјите на ЗБ6.**

Извор: Индекс на пасоши, https://www.passportindex.org

криминалец што се бара по потерница во странство може да си го смени својот идентитет и непречено да се движи наоколу како граѓанин на земја од Западен Балкан. Од друга страна, криминалците од Западен Балкан можат да добијат патни исправи од земја на ЕУ и да се движат слободно во Шенген зоната. Исто така, не треба да не зачудува и податокот кој вели дека криминалците од регионот поседуваат и повеќе идентитети за да избегнат детекција и да можат да сторат разни измами.

Потешко е да се идентификуваат таквите луѓе поради тоа што службениците за спроведување на законот во регионот на Западен Балкан меѓусебно споделуваат мал број податоци. Почесто се случува да се работи преку ИНТЕРПОЛ отколку директно да се соработува.[2]

Во последно време има низа случаи кои откриваат дека корумпирани службеници нелегално издаваат пасоши на луѓе со цел да им помогнат да избегнат кривично гонење во други земји. Најголемиот проблем што беше идентификуван беше регистриран во Северна Македонија, во случајот што ѝ е познат на јавноста како „Двојник". Во април 2021 година, опозициската партија на Северна Македонија, ВМРО-ДПМНЕ, тврдеше дека најмалку 215 пасоши биле издадени од страна на Министерството за внатрешни работи на странски криминалци и високо ризични индивидуи, вклучително и на низа на главни шефови на криминални групи.[3] Случајот со водачот на турската мафија, Седат Пекер, кој претходно бил осуден за кривични дела во подземјето, а добил пасош од Северна Македонија со лажен идентитет, го разоткри скандалот.[4] Фотографиите што беа објавени на социјалните мрежи покажуваат еден полицаец кој не е на должност, поставен како телохранител на Пекер, додека тој шета по скопските улици.[5]

Јован Вукотиќ е уште еден високо ризичен криминалец којшто беше идентификуван во овој скандал.[6] Вукотиќ наводно бил водач на црногорскиот клан Шкаљари, една од двете најголеми групи за шверц на дрога во Западен Балкан, а се бараше во Грција поради сомнеж за шверц на дрога и други тешки кривични дела. Тој беше уапсен во Турција во 2018 година и пратен во Србија, каде отслужи казна затвор од 15 месеци затоа што имаше лажен пасош пред да биде екстрадиран во Црна Гора во февруари 2020 година. Вукотиќ е баран од властите во Црна Гора за обид за убиство, но обвинителството ја прекина судската постапка против него во јули 2020 година. Откако беше пуштен од затвор во јануари 2022 година, обвинителството го обвини за затајување данок во износ од €22800. Само неколку месеци подоцна, Вукотиќ беше убиен во Истанбул.[7] Според информациите на турската полиција, Вукотиќ нелегално влегол во Турција со пасош од Северна Македонија којшто го добил во Косово на лажно име Предраг Поповиќ.[8]

Во ноември 2022 година, медиумите открија дека украинскиот бизнисмен и политичар Олександар Онишченко го добил неговиот трет пасош од Северна Македонија под сомнителни околности.[9] Онишченко е на црната листа на САД од јануари 2021 година затоа што бил „член на руската мрежа којашто се мешала во претседателските избори во САД". Исто така, Онишченко се бара и во Украина; од кога побегна од земјата во 2016 година кога антикорупциската комисија отвори истрага против него за перење пари и корупција поврзана со продажба на гас.[10] Само пет месеци по добивање на државјанство од Северна Македонија во мај 2022 година, Онишченко ја претставуваше неговата нова земја на натпревар за препонско јавање во Сен Тропе, Франција.[11] Меѓутоа, на 3 декември 2022 година, властите на Северна Македонија го повлекоа државјанството што му беше дадено на украинскиот бегалец и му го одзедоа пасошот.[12]

Бројот на продадени пасоши на сомнителни поединци ја растревожи и Северна Македонија и пријателите на земјата.

Меѓутоа, Северна Македонија не е единствена земја во Југоисточна Европа којашто има проблем со лажни пасоши. Во 2022 година, грчката полиција, поддржана од ЕВРОПОЛ, растури криминална мрежа што учествуваше во производството и дисеминацијата на лажни документи во Грција. ЕВРОПОЛ ја започна истрагата во март 2021 година и откри дека бандата воспоставила печатница во Атина за фалсификување на разни патни исправи. Во јуни 2022 година, властите уапсија осум осомничени коишто ги снабдувале шверцерите на мигранти со патни исправи, овозможувајќи нелегален пристап од Египет во ЕУ и запленија 362 фалсификувани документи.[13]

На почетокот од ноември 2022 година, српските полициски службеници од Одделението за сузбивање на организиран финансиски криминал, во соработка со членови на Службата за борба со тероризмот и екстремизмот, уапсија тројца криминалци од Нови Пазар поради сомнеж за производство и продажба на фалсификувани документи. Српските медиуми кои известуваа за случајот тврдат дека криминалната група ги продавала документите на црниот пазар по €500.[14]

Во Албанија, над 1200 лица биле уапсени од 2016 година па наваka за измама со виза и пасош. Една голема истрага што беше спроведена во 2021 година откри дека најголемата побарувачка за лажни пасоши потекнувала од азиски граѓани кои барале помош од криминалните групи во Албанија, како и од лицата кои барале патни исправи за влез во Обединетото Кралство и во САД.[15] Албанците се најчести жртви на незаконска трговија во Обединетото Кралство, а некои од жртвите имаат фалсификувани пасоши. Наместо да бараат азил, некои мигранти одбираат да исчезнат и нелегално да работат во Обединетото Кралство пред да се вратат дома. Цената на лажен пасош или фалсификувана патна исправа за Обединетото Кралство варира помеѓу €5000 и €10000.[16]

Балканските мафијаши според бројни медиумски наводи купуваат хрватски пасоши за полесен влез во ЕУ.[17] Хрватските пасоши овозможуваат лесен пристап до ЕУ, особено сега кога Хрватска е дел од Шенген зоната. Во минатото, одредени, наводно тешки, престапници од Србија беа уапсени со лажни хрватски пасоши, вклучително и Синиша Петриќ, Владимир „ Влада Будала“ Милисављевиќ и неговиот шеф, Лука „Пекар“ Бојовиќ.[18] Во последно време имаше низа на случаи за нелегално стекнување хрватски документи,[19] вклучувајќи го добро познатиот случај со Филип Кораќ (кој наводно има врски со клучните криминални играчи во балканското подземје) и кој беше осуден на една година условна казна затвор во јуни 2022 година за фалсификување хрватски пасош.[20]

Хрватската канцеларија за сузбивање на корупција и организиран криминал изврши истрага којашто откри дека помеѓу 2017 година и ноември 2019



**Цариник врши проверка на пасош на преминот Хоргош на границата помеѓу Србија-Унгарија во декември 2009 година. ЕУ овозможи патување без визи во блокот од 27 земји за Србија, Македонија и Црна Гора од 19 декември таа година.**
*Фотографија: Reuters/Ѓорѓе Којадиновиќ*

година, најмалку 42 хрватски лични карти и повеќе од 40 пасоши базирани на лажни српски лични документи биле произведени и продадени по цена од најмалку €3500 од документ.[21] Истрагата доведе до апсење на 19 лица.[22]

Исто така, имаше дојава дека стотици луѓе, вклучително и криминалци, успеале да се стекнат со фалсификувани патни исправи и лажен босански идентитет, што доведе до рации и апсења на хрватските полициски службеници кои беа дел од Државната агенција за истрага и заштита (SIPA).[23] На пример, балканските мафијаши од озлогласениот клан Кавачи, Алмир Јаховиќ и Радоје Живковиќ, беа уапсени во Турција поради сомнеж за убиство и се откри дека користеле лажни пасоши издадени во Босна и Херцеговина.[24]

Уште еден фактор кој влијае врз нелегалното преземање на босански идентитет е дека за разлика од ситуацијата во соседните земји, во Босна и Херцеговина може да се избегне казна затвор помала од една година така што ќе се плати парична казна.[25] Според истражувањата на Центарот за истражувачко новинарство, судовите во Босна и Херцеговина им дозволиле на осудените лица да откупат вкупно 263 години затвор по цена од речиси 4,6 милиони евра во периодот помеѓу 2017 и 2019 година.[26] Поради тоа, криминалците од Србија и Хрватска користат босанско државјанство и ја префрлаат нивната казна таму за да избегнат лежење во затвор.[27]

Босна и Херцеговина исто така се користи и како транзитна точка за лица со фалсификувани документи коишто се обидуваат да влезат во ЕУ. Според босанската гранична полиција, етничките чеченски граѓани на Русија во последно време се обидувале да влезат во Босна и Херцеговина преку аеродромите во Сараево и Тузла благодарение на безвизниот режим.[28] Носеле фалсификувани дозволи за престој од некои земји во ЕУ и патувале со намера да влезат во ЕУ.

Безбедносните ризици што произлегуваат од лажните пасоши кои ги издаваат земјите во Југоисточна Европа заслужуваат поголемо внимание и построги контроли. Фалсификуваните патни исправи или сомнително стекнатите вистински документи овозможуваат организираниот криминал да се прави на многу полесен начин. Тие им даваат слобода на криминалците или лицата коишто се политички изложени да се движат незабележано. Исто така, ваквите документи стануваат криминален пазар самите по себе: лажните документи ги користат групите на организиран криминал и тргуваат со нив во голема мера. Оваа практика, исто така, го нарушува угледот на земјите каде се произведуваат или издаваат овие документи.

Националните власти во регионот треба да изработат подобри стратегии за контрола на процена и да соработуваат со партнери во регионот (како што се ЕУ и Турција) за да ја следат ситуацијата. Исто така, се јавува поголема потреба да се споделуваат информации за лажни патни исправи и псевдоними. Ова е тема што треба да биде приоритетна за регионална соработка – на пример, преку Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа и Регионалната иницијатива за миграции, азил и бегалци, кои имаат побарано поблиска соработка при спроведување на законот или безбедноста на патните исправи.

## Забелешки


1 INTERPOL, *Identity and travel document fraud*, https://www.interpol.int/en/Crimes/Counterfeit-currency-and-security-documents/Identity-and-travel-document-fraud.

2 Интервју со полициски службеник од Северна Македонија, 22 ноември 2022 година.

3 Sinisa Jakov Marusic, *North Macedonia claims to bust police gang forging passports*, Balkan Insight, 7 април 2021 година, https://balkaninsight.com/2021/04/07/north-macedonia-claims-to-bust-police-gang-forging-passports.

4 *Observatory of Illicit Economies in South-Eastern Europe, Passports and protection: the Macedonian connection of a Turkish crime boss*, Билтен за ризици – издание 8, GI-TOC, јули-август 2021 година, https://globalinitiative.net/analysis/seeobs-risk-bulletin-8.

5 Ibid.

6 Sinisa Jakov Marusic, *North Macedonia arrests police in crackdown on passport-forgers*, Balkan Insight, 6 април 2021 година, https://balkaninsight.com/2021/04/06/north-macedonia-arrests-police-in-crackdown-on-passport-forgers.

7 Jelena Radivojević, *Ubijen vođa škaljarskog klana Jovan Vukotić*, КРИК, 8 септември 2022 година, https://www.krik.rs/ubijen-vodja-skaljarskog-klana-jovan-vukotic.

8 *Jovan Vukotić lažni pasoš nabavio na Kosovu*, Радиотелевизија Црна Гора, 8 декември 2022 година, https://rtcg.me/vijesti/crna_hronika/389458/jovan-vukotic-lazni-pasos-nabavio-na-kosovu.html?fbclid=IwAR1DB1gdjO-luyBfE91PcU6LM9wBXdH_cTHDy2fmFGqsie85xh8EiygBsAg.

9 Frosina Dimeska, *Fugitive Ukraine politician under US sanctions wins North Macedonia citizenship*, Balkan Insight, 11 ноември 2022 година, https://balkaninsight.com/2022/11/11/fugitive-ukraine-politician-under-us-sanctions-wins-north-macedonia-citizenship.

10 Anna Kholodnova, *Fugitive ex-lawmaker Oleksandr Onyshchenko received citizenship of North Macedonia date*, Babel, 11 ноември 2022 година, https://babel.ua/en/news/86912-media-fugitive-ex-lawmaker-oleksandr-onyshchenko-received-citizenship-of-north-macedonia.

11 Ibid.

12 European Observatory of Crimes and Security, North Macedonia scraps fugitive Ukrainian citizenship date, 7 декември 2022 година, https://www.eu-ocs.com/north-macedonia-scraps-fugitive-ukrainian-citizenship.

13 *Balkan police arrest 13 for gang-related identity theft*, Ројтерс, 20 јуни 2016 година, https://www.reuters.com/article/us-bosnia-crime-arrests-idUSKCN0Z61PO.

14 *Falsifikovali dokumenta: Uhapšen trojac iz Novog Pazara*, Нпортал, 1 ноември 2022 година, https://www.nportal.rs/vest/36979/vesti/crna-hronika/novi-pazar-lazna-dokumenta-falsifikovanje.

15 Nora Muci, *Over 1,200 arrested in a 5-year timespan for visa and passport fraud*, Euronews, 18 февруари 2022 година, https://euronews.al/en/250-arrested-in-a-year-for-visa-and-passport-fraud.

16 Valbona Bezati, *London calling: Albanians count cost of UK illegality*, Balkan Insight, 29 октомври 2020 година, https://balkaninsight.com/2020/10/29/london-calling-albanians-count-cost-of-uk-illegality.

17 *Srpskoj mafiji naše lažne putovnice omogućuju kretanje po Europi, praktične zbog sličnih imena*, Вечерњи лист, 4 јули 2021 година, https://www.vecernji.hr/vijesti/srpskoj-mafiji-nase-lazne-putovnice-omogucuju-kretanje-po-europi-prakticne-zbog-slicnih-imena-1505287.

18 OCCRP, *Six arrested in croatia for falsifying passports for gangsters*, 26 март 2012 година, https://www.occrp.org/en/daily/1453-six-arrested-in-croatia-for-falsifying-passports-for-gangsters.

19 Dušan Miljuš, *Hrvatsku putovnicu podigao i crnogorski narkobos, objavljujemo snimke razgovora i SMS-ove mafijaša*, Јутарњи лист, https://www.jutarnji.hr/vijesti/crna-kronika/hrvatsku-putovnicu-podigao-i-crnogorski-narkobos-objavljujemo-snimke-razgovora-i-sms-ove-mafijasa-15036566.

20 Marin Dešković, *Šef Zemunskog klana na sudu u Zagrebu: 'Da, koristio sam krivotvorenu putovnicu RH. Prijetilo mi je ubojstvo'*, Јутарњи лист, 7 јуни 2022 година, https://www.jutarnji.hr/vijesti/crna-kronika/sef-zemunskog-klana-na-sudu-u-zagrebu-da-koristio-sam-krivotvorenu-putovnicu-rh-prijetilo-mi-je-ubojstvo-15207431.

21 Court remands thought to be involved in large-scale fake passports scheme, ХИНА/Н1, 29 ноември 2019 година, https://hr.n1info.com/english/news/a463992-court-remands-21-thought-to-be-involved-in-large-scale-fake-passports-scheme.

22 Ibid.

23 State Investigation and Prosecution Agency, SIPA apprehended three individuals for forging of documents in operation codenamed 'Art', 22 септември 2015 година, http://www.sipa.gov.ba/en/news/sipa-apprehended-three-individuals-for-forging-of-documents-in-operation-codenamed-art/13225.

24 *Pasoš Izdat u Banjaluci: Organizator ubistva vođe 'Škaljarskog klana' u Tursku letio sa dokumentima BiH*, Вечерње новости, 23 септември 2022 година, https://vecernjenovosti.ba/99758/hronika/pasos-izdat-u-banjaluci-organizator-ubistva-vodje-skaljarskog-klana-u-tursku-letio-sa-dokumentima-bih.

25 Goran Katić, *Otkup zatvorske kazne u BiH po tarifi od 25 do 50 evra za dan*, Слободна Европа, 23 ноември 2021 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/zatvor-kazna-otkup-tarifa/31573655.html.

26 Selma Boračić-Mršo, *Službenici u BiH otkupljuju kazne umjesto da idu u zatvor*, Слободна Европа, 12 јуни 2019 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/29995187.html.

27 *Hrvatski i srpski kriminalci kazne plaćaju u BiH*, Глас Српске, 17 ноември 2019 година, https://www.glassrpske.com/lat/novosti/vijesti_dana/hrvatski-i-srpski-kriminalci-kazen-placaju-u-bih/297587.

28 Goran Katić, *Zašto je BiH stanica za Čečene u bijegu od mobilizacije?*, Радио Слободна Европа, 30 декември 2022 година, https://www.slobodnaevropa.org/a/cecenija-rusija-bih-evropska-unija/32201177.html.

# Благодарност

Овој Билтен на ризици е производ на Опсерваторијата на граѓанското општество за борба против организираниот криминал во Југоисточна Европа (ЈИЕ-Опс) на Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал.

ЈИЕ-Опс е платформа која ги поврзува и ги зајакнува чинителите од граѓанското општество во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија. Има за цел да му овозможи на граѓанското општество да ги идентификува, анализира и мапира криминалните трендови и нивното влијание врз нелегалните текови, владеењето, развојот, меѓуетничките односи, безбедноста и владеењето на правото. ЈИЕ-Опс го поддржува граѓанското општество во следењето на националната динамика и поширокените регионални и меѓународни трендови во организираниот криминал. Основањето на опсерваторијата произлезе како резултат на Самитот за Западен Балкан во Лондон во 2018 година, дел од Берлинскиот процес.

**Билтените на ризици се редовен производ на нашите регионални опсерватории, кои се потпираат на мрежите на граѓанското општество за да добијат нови податоци да ги стават во контекст трендовите поврзани со мрежите на организиран криминал, нелегалната трговија и одговорот на државите кон нив. Доколку сакате да се претплатите на идните изданија на Билтенот на ризици, ве молиме пријавете се тука или пратете е-пошта на almedina.dodic@globalinitiative.net.**

## ЗА ГЛОБАЛНАТА ИНИЦИЈАТИВА

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал е глобална мрежа со над 500 експерти ширум светот. Глобалната иницијатива обезбедува платформа со цел промовирање поширока дебата и иновативни пристапи како градиво за инклузивна глобална стратегија против организираниот криминал.

**www.globalinitiative.net**

Оваа публикација е изработена со помош на финансиската поддршка на Фондот за конфликт, стабилност и безбедност на Обединетото Кралство. Содржината на публикацијата е одговорност единствено на ГИ-ТОК и не нужно ги одразува ставовите на Обединетото Кралство.

GLOBAL INITIATIVE
AGAINST TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME